

**Во галеријата „Мала станица” во Скопје е отворена изложба на слики на Билјана Василева, претставник на поновата генерација македонски ликовни творци. Ова е трето самостојно претставување на Василева пред публиката во Скопје на кое излага 40 свои дела создадени во нејзиниот најнов творечки период. Билјана Василева дипломирала графика и графички дизајн на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1988 година во класата на Костадин Танчев - Динка. Покрај трите самостојни изложби во нејзиното уметничко портфолио се запишани и учества на повеќе групни изложби и ликовни колонии во земјава и во странство. Напоредно со сликарството таа има постојан работен ангажман и како ликовно-графички уредник на „Теа модерна”**

# НА ТВОРЦИТЕ НЕ ИМ ТРЕБА „ПРОСТИТУИРАЊЕ” ЗА ЕВТИНА ДОПАДЛИВОСТ



■ **Ова е твоја трета самостојна изложба. Се чувствуваш ли посамоуверено пред ова ново претставување во јавноста? Како ги доживуваш изложбите, како активности со прецизиран континуитет или појавување во јавноста исклучиво диктирано од содржината на пораката што сакаш да ја соопштиш?**

● Не се чувствувам посамоуверено. Напротив, по толкава временска дистанца од последната изложба (пет години), подолг временски период, кога во ретки наврати сликав, чувствувам извесна трема пред претставувањето пред нашата јавност. На одреден начин пред да почнам да ја подготвувам оваа изложба бев некако дистанцирана од сликарството, па како да ја подзагубив рутината и владеењето на занаетот, и ова ми е некој вид враќање. Но, и покрај сè делата ги чувствувам како позрели, бидејќи созреав и се збогатив како личност, а тоа носи и побогати и поисполнети дела. Со тоа сум и покритична, со поголеми очекувања од себе. Го нема она почетничко залетување и желбата за докажување и покажување по секоја цена. Ова е, пред сè, претставување заради мене лично, за да ги изложам делата што ги имам направено и да можам да продолжам понатаму, да ѝ ставам крај на оваа фаза, а не за да ме има во јавноста на одреден временски период.

■ **Која е твојата нова порака, што ги обединува делата од оваа изложба, која е нивната заедничка мисла?**

● Порака нема, или ако ја има таа е чисто визуелна. Делата се сосема спонтано направени, поради мојата потреба за ликовно изразување. И мислам дека чистата ликовна уметност, која јас досега ја практикувам не треба да има друга функција освен естетска. Засега не сум се впуштила во мултимедијални проекти, кои се попогодни за изразување некаква порака, некаква приказна или поента, бидејќи мислам дека имам уште доста за истражување во овој медиум. Во тој поглед сум темелна и за да почнам да експериментирам сакам да го совладам ова што сега го работам, а тука има уште доста за совладување. Освен ако не посакам промена и мало скршнување во меѓувреме.

■ **За разлика од твоето последно излагање пред пет години кога основна тема беше просторот, во сегашните дела се забележува одредена „предметност”. Значи ли тоа потреба поконкретно да прозбориш за сопствената уметничка интима?**

● Па, тоа си избива самото од себе. Веројатно заради растовареноста од обврската за сликање по секоја цена што сама си ја имав наметнато, сега дозволив да испливаат некои потиснати аспекти. Веројатно како

••••▶



Избор од делата со кои Билјана Василева се претставува на изложбата во „Мала станица“

последица на тоа што на сликањето му пристапувам поспонтано, порастоварено, поискрено од порано, дозволив да избие она што се случува во мојот внатрешен свет, на начин кој соодветствува на мојот карактер и темперамент, задржувајќи многу за себе, изложувајќи го само она што мислам дека можам да го споделам со другите.

**■ Имаш ли чувство дека и на апстрактното сликарство му е неопходна барем трошка реалност за да допре до публиката?**

● Не мислам дека е тоа потребно, само мислам дека на нашата сегашна и потенцијална ликовна публика ѝ е потребна извесна ликовна едукација за да може да ги прима делата од тој тип. На крајот на краиштата, меѓу другото затоа постојат ликовните критичари, да ѝ ја направат на публиката поблиска ликовната уметност. Ако ликовниот уметник мисли на тоа дали ќе ѝ се допадне на публиката додека ги прави делата, тие многу ќе загубат. Не велам дека треба творците да бидат себични и просто да си ги задоволуваат своите творечки пориви, ама, според мене, не треба ни да се „проституираат“ за да заработат од своите слики за сметка на евтината допадливост. Имам среќа што финансиски не зависам од сликарството, па можам да си дозволам да се изразам ликовно без ограничувања.

**■ Делата од оваа изложба имаат и понагласен колорит за разлика од претходните. Дали е тоа препознавање на некаква нова енергија во себе?**

● Се работи за храброст да се впуштам во експериментирање со колоритот. Израсната и оформена сум со цртежот и со графиката. Отсекогаш сум сметала дека е потребно поголемо знаење и искуство во уметноста за да се премине на работа со бои. Барем, така размислував досега, веројатно бидејќи спаѓам во т.н. „цртачи“, за што сега и не сум сосема убедена дека е точно. Сепак, дури сега како да се ослободив за да си дадам слобода, и да се изразам како што чувствувам. Извесно ограничување во тој поглед веројатно и понатаму постои, но веројатно поради мојата вродена склоност и преферирање на работа со црно-белата гама.

**■ Уште една новост во сегашните дела - тие се со забележливо помали формати од претходните. Зошто? Дали така мислата полесно се контролира?**

● Можеби тоа си доаѓа со годините, со тоа што имам помалку енергија. Но, тука е и потребата од промена. Сакав да пробам нешто малку поинакво. Ми се бендиса концептот да направам поголем број дела во ист формат со мали варијации во стилот и колоритот, чисто за да видам како ќе функционираат во просторот. Мислам дека просторот во кој ќе продолжи да егзистира едно ликовно дело не е за занемарување.

**■ Ти си претставник на поновата генерација ликовни творци произлезени од Ликовната академија во Скопје. Со оглед дека веќе шест години твоето професионално секојдневие го исполнува работниот ангажман како ликовно-графички уредник на „Теа модерна“, како ја доживуваш твојата основна вокација - уметник? Дали имаш доволно време да ѝ се посветиш на уметноста?**

● Кога почнував да работам како графички дизајнер, по моето дипломирање, планирав паралелно да ги „туркам“ двете работи. Тие се надополнуваат една со друга и мислам дека сликањето ме прави многу подобар дизајнер отколку што би била да не го практикувам. Но, како што ми се зголемуваше обемот на обврските, ми беше сè потешко да одвојам време за сликање. Времето и не е секогаш во прашање, зашто сликањето си бара посветеност, тешко е да ги тргнеш мислите од она што си го работел дента, барем за мене, и да влезеш во друг свет. Од еден целосно рационален пристап, каде ја кротиш и канализираш креативноста и ја ставаш во функција на публиката, која патем, не смее да се потценува, и затоа правиш производ кој би требало да биде според нејзиниот вкус, до целосно ослободување на истата таа креативност. И пак назад, тешко е да се изодува секојдневно тој пат за неколку часови. Ама, убаво е чувството. Како да ми недостасуваше нешто во периодите кога поретко сликав, не се чувствував комплетна.

**■ Може ли уметноста на уметникот да му биде хоби? Дали тогаш творењето е порелаксирано?**

● Сметам дека е и предност во извесна мера, бидејќи можеш поискрено да му се посветиш, без да размислуваш додека сликаш дали ќе ѝ се допаднеш на публиката. Мислам дека тој момент е многу битен за еден творец, да не размислува додека работи како ќе биде прифатено неговото дело, туку тоа да го прави неоптоварено, со уживање во самиот чин, а секако дека е сатисфакција ако подоцна наиде на добар прием.

**■ Што по оваа изложба, размислуваш веќе за нова тема, за откривање на нови предели на душата?**

● Засега не. Да го заокружам овој циклус, па сигурно ќе почнам да размислувам за нешто ново. Потребно ми е да се дистанцирам од ова што го работам сега. Неостварена желба, досега, ми е SF сликарството, со хорор-мотиви. Се надевам дека еден ден ќе се опробам и во тој жанр.

**■ Што станува со откривањето на нови уметнички средини, досегашните твои три самостојни изложби се реализирани во Скопје, чувствуваш ли потреба да излезеш од оваа средина, можеби и да се претставиш и надвор од Македонија? Дали е тоа задача што си ја поставуваш за понатаму?**

● Би сакала, ама не по секоја цена. Преку некои групни изложби надвор од Македонија и со посредство на интернет имам сознанија дека тоа што го сликам наидува на добар прием во странство, што ме радува. Мислам дека имам уште доста за истражување и овде, додека не бидам задоволна сама од себе нема да се обидувам да изложувам на страна, освен ако нешто спонтано не излезе. Не ми е дојдено по секоја цена да ме има во медиумите или во своето CV да напишам дека сум имала изложба „таму и таму“, а во исто време да чувствувам дека не сум го дала својот максимум, дека треба уште многу да работам. Веќе ми е преголема обврска што се појавувам пред нашата публика. Надвор од Македонија гледам да отидам пред сè за да соберам нови искуства и доживувања кои ќе ме инспирираат за тоа што го работам.

**Гордана Колевска**

# ДА МУ ПОМОГНЕМЕ НА МАЛИОТ ТЕО ТАСЕВ

**Три и полгодишниот Тео Тасев боледува од рак на лимфните жлезди и потребно му е итно лекување во Париз, Франција за што се потребни големи финансиски средства.**
**Со цел да му се помогне на малиот Тео, мобилните оператори КОСМОФОН и Т-МОБИЛЕ отворија телефонски броеви на кои, по пат на повик или СМС, сите што можат да помогнат можат да донираат по 100 денари.**

**КОСМОФОН - 075/143 888**
**Т-МОБИЛЕ - 070/143-133**

**Исто така, на име на Тео Тасев отворена е следната жиро-сметка во Комерцијална банка, на која исто така може да се уплатат средства:**

**300001000017753 - Комерцијална банка, за Тео Тасев**

